Бр./Nr 12-835 /1

23-02-2021 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), ), член 36 став 1, член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција од познат подносител правно лице, на 46-а седница, - на продолжението на седницата одржано на ден 19 Февруари 2021 година донесе

**О д л у к а**

Постапката покрената по пријавата бр. 12-4083/1 од 30.08.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител , правно лице – -----------------------------------, преку ----------------------- координатор, лицето -----------------------------, а со која се изразуваат сомневања против службеното лице -------------------------, директор на ---------------------- училиште ---------------------------------------- и од ------------------------ претседател на --------------------- одбор на ова ---------------училиште, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино понатамошно надлежно постапување во предметот со број 12-4083 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12 -4083/1 од 30.08.2019 година.

Предметот со број 12 – 4083 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението – во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-4083 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-4083/1 од 30.08.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат подносител правно лице – ------------------------------, преку --------------------- координатор лицето --------------------. Пријавата е сочинета во форма на наративен извештај на ------------------------ - за работата на раководниот орган и на ---------------- одбор на ------------------- училиште --------------------. Кон предметната пријава, дополнително од истиот подносител е доставено и надополнување бр. 12-4083/2 од 17.09.2019 година.

Пријавата – наративен извештај содржи бројни констатаци со наводи и сомневања за коруптивни дејствија - злоупотреба на службената положба и овластувањата од службеното лице --------------------, директор на --------------- училиште --------------------------- и од ---------------------- претседател на --------------------- одбор на ова ------------------------ училиште.

Видно од содржината на пријавата, подносителот укажува на нетранспарентно раководење со наведеното --------------------- училиште од страна на раководството, на вработување на блиско лице – син на претседателот на --------------------- одбор како професор во училиштето, на злоупотреба на менторставата

парични средства на сметка на училиштето, а што е видно од Договорот бр---------------------------склучен помеѓу ---------------------------------- и ------------------------------------.

Во целина на случајот, Државната комисија констатира дека од постапувањето на надлежните органи произлегува оценката дека наводите за сомневања на подносителот на пријавата се неосновани и не се потврдуваат.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Оваа одлука е конечна и против неа не е дозволена жалба.

**Одлучено на ден 19 Февруари 2021 година под бр. 12- 835 /1**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Република Северна Македонија ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА Скопје
Republika e Maqedonisë së Veriut KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIM TË KORRUPSIONIT Shkup

По заклучок на ДКСК
Изработил: Х.М., Советник
Одобрил : Н. Б., Член на ДКСК

Доставено до :
- Архива
- Подносителот